ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - СКОПЈЕ

# С Т А Т У Т

## НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
## ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – СКОПЈЕ

Скопје, мај 2018 година

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-6023/4
Дата, Data 09-05-2018
СКОПЈЕ - SHKUP



Врз основа на член 19 став (2) точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996, 9/1997,6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација - Скопје на седницата одржана на ден 09.05.2018 година, донесе

# С Т А Т У Т
# НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со статутот на Јавното претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - Скопје поблиску се уредува организацијата на Претпријатието и начинот на вршењето на дејноста, управувањето и раководењето, општите акти и постапката за нивно донесување како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Претпријатието.

**Член 2**

Градот Скопје е основач на јавното претпријатие и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи.

**Член 3**

Јавното претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - Скопје (во натамошниот текст Претпријатие) е основано за вршење комунална дејност како дејност од јавен интерес на подрачјето на Град Скопје.

**Член 4**

Претпријатието има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка во рамките на дејноста која е запишана во надлежниот регистар.

За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатието одговара со целиот имот.

**Член 5**

Во работењето на Претпријатието службени јазици се македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и албанскиот јазик и неговото писмо, како јазик и писмо што го користат граѓаните припадници на заедницата која со над 20% учествува во вкупниот број жители на град Скопје.

**Член 6**

При вработувањето во Претпријатието задолжително се применуваат критериумите и принципите со кои се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници без да се нарушат принципите на стручност и компетентност.

**Член 7**

Претпријатието е основано со Решение на Градското народно собрание Бр.7848 од 22.12.1946 година, како Градско стопанско претпријатие „Водовод“.

Претпријатието е организирано како Јавно претпријатие со поделба на Јавното претпријатие „Комуналец“- Скопје.

## II.ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### 1. Фирма на Претпријатието

**Член 8**

Полното име на Претпријатието гласи:
Јавно претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - Скопје
Ndërmarja publike UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI - Shkup
Скратен назив на претпријатието гласи:
ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - Скопје.
NP UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI - Shkup

### 2. Седиште на Претпријатието

**Член 9**

Седиштето на Претпријатието е во Скопје на ул. „Лазар Личеноски“ број 9.

**Член 10**

За промена на фирмата и седиштето на Претпријатието одлучува Управниот одбор на Претпријатието по претходно добиена согласност од Советот на град Скопје.

### 3. Печат и штембил на Претпријатието

**Член 11**

Претпријатието има печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 32 мм. во кој на македонски јазик и на неговото кирилско писмо и на албански јазик и неговото писмо е впишан текстот: Јавно претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – Скопје Ndërmarja publike UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI – Shkup.

Штембилот има форма на правоаголник со големина 60 x 30 мм. во кој хоризонтално на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и неговото писмо е испишан назив и седиште на Претпријатието, а помеѓу називот и седиштето се остава празен простор за впишување: број на актот и датумот на неговото издавање.

Јавно претпријатие
Ndërmarja publike
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, numër ________________
Дата, data ________________
С К О П Ј Е, S H K U P

**Член 12**

Претпријатието има амблем.
Амблемот е уникатно уметничко дело.
Изгледот на амблемот е следниот:

**Член 13**

Бројот на печатите и штембилот, начинот на нивната употреба, чување и уништување ја одредува Директорот на Претпријатието со одлука согласно Закон.

За употреба и чување на печатот на Претпријатието е одговорно лицето кое ќе го одреди Директорот.

## III. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕСТАВУВАЊЕ

**Член 14**

Во рамките на своите овластувања Претпријатието го застапува и преставува Директорот на Претпријатието.

Директорот на Претпријатието може преку писмено полномошно да овласти друго лице да го застапува и претставува Претпријатието.

Содржината и обемот на овластувањето од ставот 2 на овој член го определува Директорот на Претпријатието.

## IV. ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 15**

Основна дејност на дејност на Претпријатието е:

36 ***Собирање, обработка и снабдување со вода***
- 36.0 Собирање, обработка и снабдување со вода
- 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

37 ***Отстранување на отпадни води***
- 37.0 Отстранување на отпадни води
- 37.00 Отстранување на отпадни води

Покрај основната дејност, Претпријатието обавува и други дејности:

- 43.2 **Електроинсталатерски, водоводни и канализациски инсталации и други градежни работи**
- 43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација, плин и инсталации за греење и клима уреди

*71 Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа*

71.1 **Архитектонски дејности и инженерство и со нив поврзано техничко советување**
71.11 Архитектонски дејности
71.12 Инженерство и со него поврзано техничко испитување

71.2 **Техничко испитување и анализа**
71.20 Техничко испитување и анализа

**Член 16**

Претпријатието дејноста од јавен интерес ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна, во согласност со Закон, овој Статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејност од јавен интерес.

Претпријатието е должно да обезбеди јавност и транспарентност во финансиските односи во своето материјално-финансиско работење, согласно Закон, овој Статут и Меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 17**

Претпријатието се организира така што дејноста ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите;
2. Техничко - технолошко и економско единство на системот;
3. Ефикасност и транспарентност во работењето;
4. Развој и усогласеност на сопствениот развој во вкупниот стопански развој на град Скопје;
5. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
6. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците и
7. Самостојност, еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

**Член 18**

Претпријатието се организира во следните организациони единици:

**А) СЕКТОРИ**

- Сектор Водовод
- Сектор Канализација
- Сектор Механизација
- Сектор Експлоатација и одржување на капацитети
- Сектор Третман на отпадни води
- Сектор Технички работи и развој
- Сектор Финансии, сметководство и комерција
- Сектор Правни и општи работи
- Сектор Наплата
- Сектор Човечки ресурси
- Сектор Меѓународна соработка, проекти и односи со јавност
- Сектор ИТ и развој
- Сектор Дежурно информативни работи
- Сектор Санитарна контрола

Б) САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА
- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за професионална одговорност
- Одделение за јавни набавки

Во состав на организационите единици - Сектори се формираат одделенија, а во состав на одделенијата во зависност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа може да се формираат и микро организациони единици – реони, пунктови и/или оддели.

Како независни и надвор од организационите единици утврдени со овој статут, со актот за внатрешна организација на Претпријатието за поддршка на работата на директорот може да се утврдат и други работни места како самостојни извршители.

Член 19

Внатрешната организација на Претпријатието подетално се уредува со акт за внатрешна организација кој на предлог на Директорот го донесува Управниот одбор. Согласност на актот дава Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 20

Основањето на нови организациони единици, спојување, укинување или поделба на постојните се врши со Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот што го носи Управниот одбор на Претпријатието.

Утврдувањето односно укинувањето на работните места како самостојни извршители се врши со донесување на актот за внатрешна организација, односно негова измена и/или дополнување.

## VI. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 21

Органи на Претпријатието се:
- Управниот одбор,
- Директор и
- Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење

## 1. УПРАВЕН ОДБОР

Член 22

Орган на управување на Претпријатието е Управен одбор.

Бројот и составот на членовите на Управниот одбор го утврдува Советот на Град Скопје, со Одлука за именување на членови на Управниот одбор.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолг од 4 години.

Член 23

Управниот одбор има Претседател кој се бира од редот на своите членови.

Претседателот на Управниот одбор:
- го претставува Управниот одбор;
- ги свикува и ги води седниците на Управниот одбор;
- предлага дневен ред за седниците на Управниот одбор;
- се грижи за организацијата на работата на Управниот одбор;
- должен е да ги потпише одлуките и актите на Управниот одбор во рок од 3 работни дена од нивното донесување и

-врши други работи определени со закон, овој Статут и Деловник за работа на Управниот одбор

Во случај на спреченост, отсуство, боледување на претседателот на Управниот одбор како и во други случаи утврдени со закон, овој Статут и Деловникот за работа на Управниот одбор, одлуките и актите на Управниот одбор ги потпишува член на Управниот одбор претходно писмено овластен од претседателот на Управниот одбор.

**Член 24**

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Управниот одбор, седница свикува најстариот член на Управниот одбор кој го предлага и дневниот ред на седницата.

Седница на Управниот одбор, може да се свика и на барање на Директорот, како и на барање на најмалку ¼ од членовите на Управниот одбор, во рок од 5 дена од поднесувањето на барањето.

Доколку претседателот на Управниот одбор не ја закаже седницата по барање на директорот односно членовите на Управниот одбор, седницата може да ја свикаат подносителите на барањето, да го предложат дневниот ред на седницата, а со седницата да раководи претседавач што ќе го избере Управниот одбор за таа седница.

**Член 25**

Управниот одбор на Претпријатието:

1. Го донесува Статутот;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја донесува годишната инвестициона програма;
4. Ја утврдува деловната политика;
5. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
6. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
7. Ги донесува одлуките за инвестиции;
8. Ги утврдува цените на услугите;
9. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
10. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
11. Го донесува Финансискиот план на претпријатието;
12. Донесува Правилник за плати на вработените во претпријатието;
13. Го утврдува текстот на Колективниот договор и го склучува;
14. Донесува одлуки и мерки за заштита и унапредување на животната средина;
15. Формира комисии;
16. Го донесува Деловникот за работа на Управниот одбор;
17. Одлучува по жалби и приговори на вработените во Претпријатието кога тоа е утврдено со закон или колективен договор и
18. врши и други работи утврдени со Закон, овој Статут, одлуките на Советот на Град Скопје и другите акти на Претпријатието.

На актите од став (1) точки 1, 3, 5, 6, 8 и 10 од овој член, согласност дава Советот на Град Скопје.

**Член 26**

Управниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Секој член на Управниот одбор има еден глас.

**Член 27**

Членовите на Управниот одбор ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите морале да знаат дека ги повредуваат интересите на Претпријатието, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквите одлуки. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

**Член 28**

Работата и начинот на одлучувањето на Управниот одбор се уредува со Деловник кој го донесува Управниот одбор.

**Член 29**

За вршење на својата функција членовите на Управниот одбор имаат право на надомест.

Висината на надоместот ја утврдува Управниот одбор.

## 2. ДИРЕКТОР

**Член 30**

Орган на раководење на Претпријатието е Директорот.

Директорот на претпријатието го избира Градоначалникот на Град Скопје врз основа на Јавен конкурс.

Мандатот на Директорот на Претпријатието трае 4 години.

**Член 31**

Директорот на Претпријатието во рамките на своите права и обврски:

1. Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;
2. Учествува во утврдувањето на критериуми за користење и располагање на средства и управување со средствата остварени со работењето на Претпријатието;
3. Врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие
4. Врши други извршни работи во врска со работата и работењето на јавното претпријатие утврдени со статутот;
5. Го застапува и преставува Претпријатието;
6. Склучува договори;
7. Донесува правила за работен ред и дисциплина;
8. Донесува одлука за работно време на работниците и одмор во текот на работата;
9. Донесува одлука за потребата за засновање на работен однос, избор и засновање на работен однос, акт за унапредување на вработените, нивно распоредување и престанок за работниот однос во согласност со закон;
10. Изрекува дисциплински мерки и донесува одлуки за надомест на материјална штета;
11. Одлучува за прашања од работен однос на вработените согласно Закон, колективен договор и други подзаконски акти;
12. Утврдува вредност на бод на основната плата на вработените;
13. Ја предлага внатрешната организација на Претпријатието;
14. Го донесува актот за систематизација по претходна согласност од управниот одбор на јавното претпријатие и од Министерството за информатичко општество и администрација во делот на усогласеноста на

описите на работни места со Каталогот на работни места, утврден во Законот за вработени во јавниот сектор;

15. Должен секои шест месеца да доставува извештај за работата на јавното претпријатие до управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје;
16. Издава полномошно за застапување на Претпријатието;
17. Склучува договори за реализација на програмите за потребите од тековното работење на Претпријатието;
18. Одлучува за службени патувања во земјата и странство на вработените во Претпријатието;
19. Предлага акти што ги донесува Управниот одбор;
20. Се грижи за остварување на обврските на Претпријатието од одбраната согласно Законот;
21. Донесува општи и поединечни акти согласно Закон, колективен договор и други подзаконски акти;
22. Донесува упатства, наредби, задолженија, овластувања и налози, со кои се обезбедува работењето на Претпријатието;
23. Го објавува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на Веб страната на јавното претпријатие
24. Формира комисии од неговата надлежност и
25. Врши и други работи согласно Закон, овој Статут, колективен договор и подзаконски акти и другите акти на Претпријатието.

**Член 32**

Директорот за својата работа одговара пред Градоначалникот на Град Скопје.

Директорот ако изврши, односно донесе одлука за која знаел или за која со оглед на околностите морал да знае дека ги повредува интересите на Претпријатието, одговара неограничено и солидарно за штетата настаната со таквите одлуки. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

**Член 33**

Директорот на Претпријатието склучува договор со Градоначалникот на Град Скопје за уредување на односите со Претпријатието во кој поединечно се утврдуваат правата, обврските и овластувањата согласно со Закон.

**Член 34**

Директорот во име на Претпријатието е овластен да склучува договори и да преземе други правни работи како и да го застапува Претпријатието пред судот и другите органи.

Директорот склучува договори и спогодби кои се однесуваат на реализација на инвестиционите вложувања предвидени со Инвестиционата програма и Програмата за работа и развој.

**Член 35**

Директорот на јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- на негово барање,
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон,
- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив,

- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие,
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие,
- ако не достави извештај согласно со членот 23-а став 1 од Законот за јавните претпријатија,
- ако и по истекот на рокот определен во членот 23-а став 3 од Законот за јавните претпријатија не ги отстрани недостатоците или и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и
- ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од Законот за јавните претпријатија не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на Веб страната на јавното претпријатие

**Член 36**

До именување на нов Директор, Градоначалникот именува вршител на должност Директор на Претпријатието за период не подолг од шест месеци.

**Член 37**

Директорот може да определи вработен во Претпријатието кој го заменува во негово отсуство и го води тековното работење на Претпријатието.

Вработеното лице го заменува Директорот на Претпријатието во негово отсуство или спреченост да ја врши функцијата, со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот, согласно Законот и овој статут.

## 3. НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

**Член 38**

За вршење на контрола на материјално-финансиското работење на Претпријатието се формира Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење (во натамошен текст: Надзорен одбор) од 5 члена.

Членовите на Надзорниот одбор за контрола од став 1 на овој член ги именува односно разрешува Советот на Град Скопје.

**Член 39**

За член на Надзорен одбор се именува лице со кое ги исполнува условите предвидени согласно Законот за јавните претпријатија.

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.

**Член 40**

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седница на Управниот одбор.

**Член 41**

На членовите на Надзорниот одбор им се доставува покана со сите материјали како и на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатието и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење годишните сметки и Извештајот за работење на јавното претпријатието, ако предходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор за контрола.

**Член 42**

Надзорниот одбор својата работа ја врши согласно надлежностите предвидени во Законот и овој Статут.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку 4 пати годишно.

За резултатите од извршената контрола Надзорниот одбор писмено го известува Управниот одбор, Советот на Град Скопје и Министерството за финансии.

**Член 43**

Членовите на Надзорнот одбор ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите морале да знаат дека ги повредуваат интересите на Претпријатието, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквите одлуки. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

**Член 44**

За вршење на својата функција членовите на Надзорниот одбор имаат право на надоместок.

Висината на надометокот со одлука ја утврдува Управниот одбор на Претпријатието.

## 4. ПОМОШНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

**Член 45**

За успешно функционирање и подобрување на работата на претпријатието, Управниот одбор формира:

1. Комисија за спорни сметки
2. Комисија за проценка и продажба на отпишани средства
3. Просторни сили за заштита и спасување

Во Претпријатието по потреба може да се формираат и други комисии.

Комисијата ја свикува Претседателот на комисијата кој и раководи со работата на истата.

## VII. ОПШТИ АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 46**

Општи акти на Претпријатието се:

1. Статут на Претпријатието
2. Колективен договор на Претпријатието
3. Правилник за внатрешна организација
4. Правиник за систематизација на работни места
5. Правилник за плати на вработените во претпријатието
6. Правилник за заштита при работа и Норматив за користење на лични заштитни средства
7. Правила за работен ред и дисциплина и однесување на вработените

Во Претпријатието Директорот односно Управниот одбор може да донесат и други општи акти согласно Закон и овој Статут.

Општите акти мора да бидат во согласност со законските прописи и овој Статут.

Член 47

Општите акти се објавуваат на огласната табла и влегуваат во сила со денот на објавување, а доколку е потребна согласност од Советот на Град Скопје, општиот акт ќе се применува по добивањето на согласноста.

Член 48

Постапка за донесување, измена и/или дополнување на општите акти од членот 47 на овој Статут се покренува со иницијатива на Директорот или Управниот одбор.

Директорот ја цени оправданоста на покренатата иницијатива од ставот 1 на овој член.

## VIII. РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### 1. Имот и средства на Претпријатието

Член 49

Имотот на Претпријатието го сочинуваат сите објекти, средства, пари и права.

Претпријатието работи со број на жиро сметки колку што му се потребни за остварување на неговите функции.

Член 50

Средствата за работа на Претпријатието се обезбедуват од:

- приходи кои ги остварува Претпријатието ;
- буџетот на Град Скопје ;
- кредитни средства ;
- донации, проекти и други извори на средства во согласност со Закон, Одлуки на Советот на Град Скопје и други акти на основачот.

Член 51

Претпријатието доставува тримесечни извештаи до Советот на Град Скопје кои содржат показатели за финансиското работење.

### 2. Програма за работа и развој

Член 52

За позитивно работење и развој на Претпријатието, односно за обезбедување на трајно и континуирано вршење на дејноста, квалитетот на услугите и зголемување на успешноста во работењето, Управниот одбор на предлог на Директорот донесува годишна Програма за работа и развој на Претпријатието.

Советот на Град Скопје дава согласност на Програмата за работа и развој.

За реализација на Програмата за работа и развој на Претпријатието одговорен е Директорот.

## IX. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

**Член 53**

Претпријатието го остварува и развива системот на информирање на корисниците на услугите, како битна претпоставка за својата функција во вршење на комуналната дејност во Град Скопје.

Актите што се од значење за корисниците на услугите на Претпријатието се објавуваат во Службен гласник на Град Скопје и веб страната на претпријатието.

Претпријатието е должно за својата работа, работење и развојни програми редовно да ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг погоден начин.

**Член 54**

Претпријатието е должно редовно, навремено целосно и вистинито да ги информира вработените за сите прашања кои се битни за работата и развојот на Претпријатието, како и за остварувањето на нивните права.

Вработените во Претпријатието се информираат преку огласна табли и други форми на информирање.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 55**

Општите акти утврдени со овој Статут ќе се усогласат и донесат во рок од 6 месеци од стапување на сила на Статутот.

До усогласувањето ќе се применуваат постојните акти на Претпријатието, доколку не се во спротивност со овој Статут.

**Член 56**

Овој Статут го донесува, изменува и дополнува Управниот одбор на Претпријатието.

**Член 57**

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Јавното претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – СКОПЈЕ - пречистен текст Број 0306-7539/1 од 03.05.2017 година.

**Член 58**

Овој Статут влегува во сила и ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

По добивање на согласноста, Статутот да се објави на огласната табла на претпријатието.

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Идриз Орана

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ
NDERMARRJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI SHKUP